РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр.04-6250/13
23-12-2019. 2019 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1, став 2 и став 3 од Закон за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерство за животна средина и просторно планирање, донесе:

**ОДЛУКА**

**За неизбор на кандидат по Интерен оглас број 9/2019**

1. На кандидатот Суад Ибиши, подносител на пријавата за интерен оглас бр.9/2019 објавен на 03.12.2019 година за работно место **УПР 01 01 Б04 000, Раководител на одделение за лабораторија; - 1 (еден) извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници номинирана од страна на Агенцијата за администрација под број 04-6250/9 од 19.12.2019 година, формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со решение бр.04-6250/8 од 19.12.2019 беше задолжена да изврши селекција на кандидати пријавени на интерен оглас бр.9/2019 година објавен на веб страната на МЖСПП и Агенцијата за администрација на ден 03.12.2019 год. По извршената прва фаза, Комисијата за селекција изготви записник за селекција заведен под број 04-6250/10 од 19.12.2019 година во кој е констатирано дека за работното место **УПР 01 01 Б04 000, Раководител на одделение за лабораторија; - 1 (еден) извршител** има пријавено вкупно 2 (двајца) кандидати, од кои 2 (двајца) се уредни кандидати. Уредните кандидати беа повикани на интервју. По завршеното интервју Комисијата изготви записник од работата на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-6250/10 од 19.12.2019 година, изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука

за избор на прво рангираниот кандидат по интерен оглас бр.9/2019 година со архивски број 04-6250/11 од 19.12.2019 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи **да не се врши избор** на пријавениот кандидат за наведеното работно место, при што се одлучи да се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**Државен секретар**
**Ана Петровска**

Доставено до
- Именованиот
- Архива
- Одделение за упрвавување со човечки ресурси
- Сметководство